# Влада на Република Северна Македонија

**Сектор за анализа на политиките и координација/Одделение за соработка со невладини организации**

| | |
|---|---|
| Дата: | 07/10/2025 |
| Архивски број: | 49-9310/1 |
| До: | **Институт за европска политика** |
| Предмет: | **Мислење по предлог-иницијативата "Реализација на планираната финансиска поддршка на граѓанските организации"** |

Почитувани,

Во врска со вашето барање за одговор на предлог-иницијативата "Реализација на планираната финансиска поддршка на граѓанските организации ", Одделението за соработка со невладини организации ја разгледа вашата иницијатива и во продолжение го дава следното мислење:

Унапредувањето на системот на државно финансирање на граѓанските организации претставува една од најважните мерки содржани во стратешките документи на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество за периодот 2022-2024 и 2025-2028 година.

Поддршка на граѓанскиот сектор е еден од приоритетите на Владата во областа Права и слободи, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во периодот 2024-2028. Владата се обврза да обезбеди буџетски средства за поддршка на граѓанските организации со цел квалитетен развој на граѓанското општество. Намената на гарантниот фонд ќе биде финансиска поддршка на граѓански организации што аплицираат и се добитници на проекти од европски и други фондови, како што се ИПА фондовите, Хоризонт Европа, Клајмет Кик, ИнвестЕУ, Дигитал Европа и други, а за кои е потребен процент на учество, односно кофинансирање.

Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локална самоуправа во 2024 година е подготвен врз основа на писмени известувања од министерствата, други органи на државна управа и единиците на локална самоуправа.

Согласно добиените известувања, во 2024 година доделени се вкупно 1.959.549.732 денари финансиска поддршка за 3.655 проекти/програми на здруженија и фондации, што претставува

13.14% од вкупните приходи на граѓанските организации во 2024 година. 62.36% од средствата (1.222.033.608 денари) се доделени по пат на јавен оглас, а 37.64% (737.516.124 денари) се доделени во постапка без јавен оглас.

Од вкупно доделените средства, 1.596.262.038 денари (81.46%) се доделени од централниот буџет, како финансиска поддршка за 1.561 проекти/програми на здруженија и фондации, а 363.287.694 денари (18.54%) се доделени од буџетот на единиците на локална самоуправа (без Градот Скопје и 12 општини што не доставија известување) како финансиска поддршка за 2.094 проекти/програми на здруженија и фондации.

Споредено со 2023 година , финансиската поддршка за граѓанските организации во 2024 година од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа кои доставија известување до Генералниот секретаријат на Владата и се анализирани во овој извештај е зголемена за 31.28%, а уделот на државно финансирање од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа за финансиска поддршка на граѓанските организации од вкупните приходи на граѓанските организации во 2024 година е зголемен за 3.25%.

Доделената финансиска поддршка на граѓанските организации во 2024 година од централниот буџет и буџетот на единиците на локална самоуправа во номинален износ претставува 97.98% од планираните средства (околу 2 милијарди денари) според активност 8.1 од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество (2022-2024), но е за 16.86% помала во однос на планираниот удел (30%) од вкупните приходи на граѓанските организации во 2024 година.

Со почит,

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија
Игор Јанушев

Изработила: м-р Миа Деспотовска, раководител на одделение за соработка со невладини организации
Одобрила: Весна Тасевска, помошник раководител на Сектор за анализа на политиките и координација